# ИНФОРМАЦИЈА

## 1. *Состојба на Топлификација АД пред промените*

Топлификација АД до 31.12.2012 година беше носител на трите лиценци за вршење на регулираните дејности од јавен интерес: Производство на топлинска енергија, Дистрибуција на топлинска енергија и Снабдување со топлинска енергија.

Овие регулирани дејности Топлификација АД ги вршеше со пет фирми кои се во целосна сопственост на Топлификација АД и тоа: Производство на топлина ДООЕЛ, Дистрибуција на топлина ДООЕЛ, Снабдување Запад ДООЕЛ, Снабдување Исток ДООЕЛ и Снабдување Центар ДООЕЛ.

Топлификација АД во својата групација фирми има уште една фирма, Скопје Север АД, која врши регулирани дејности Производство, Дистрибуција и Снабдување со топлинска енергија во друг дел на градот Скопје.

Топлификација АД во групацијата фирми во кои е целосен сопственик има фирми кои вршат нерегулирани дејности: Топлификација Инженеринг ДООЕЛ, СИГ ДООЕЛ.

Топлификација АД е целосен сопственик и на фирмата Топлификација Битола ДООЕЛ, која во моментот се занимава само со наплата на побарувања од испорачана топлинска енергија во периодот кога фирмата беше активна и фирмата ГАСТРЕЈД ДООЕЛ, која има лиценци за трговија со гас и за трговија со електрична енергија, а која до овој момент не е активна.

Топлификација АД поседува 20% од акциите на ТЕ ТО АД, комбинирана гасна електрана во која ќе се произведува 60% од потребната топлинска енергија во топлификациониот систем и до 30% од сегашното производство на АД ЕЛЕМ.

## 2. *Ефектите од основната дејност на Топлификација АД во минатото*

Топлификација АД повеќе од 45 години се занимава со производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија.

Во целиот тој период основната дејност никогаш не била економски атрактивна дејност. Во најголем дел од овој период годините се завршувани со мали позитивни или мали негативни резултати. Исклучок од таквите состојби се средината на осумдесеттите години од минатиот век кога Топлификација АД е најголем загубар во тогашна Југославија и 1993 година која Топлификација АД ја завршува со загуба од десетина милиони долари и со вкупен долг на крајот од 1993 година од дваесетина милиони долари. Ваквата состојба е присутна и во моментот во скоро сите топлификациони системи во регионот.

Од 1994 година до 2011 година Топлификација АД континуирано покажува позитивни финансиски резултати.

Во тој период од 2006 до 2009 година Топлификација АД покажува сериозни загуби од регулираните дејности. Вкупните резултати на фирмата се позитивни бидејќи во 2006 и 2007 години Топлификација АД ги продава своите акции во Комерцијална Банка АД заради финансирање на инвестицијата во ТЕ ТО АД. Најголемиот дел од акциите се продадени по максималната вредност на акциите на Комерцијална Банка АД воопшто постигнати на пазарот (7700 денари за акција). Од таквата продажба е остварена билансна добивка од околу 7 милиони евра и вкупен приход од околу 8,5 милиони евра.

Вкупниот приход од продажбата на акциите е инвестиран во ТЕ ТО АД, а билансните добивки од овие продажби ги покрија загубите од регулираните дејности во тој период.

Со тоа Топлификација АД вложувањата кои ги имала во Комерцијална банка АД ги трансформира во вложувања во ТЕ ТО АД во момент на највисока пазарна вредност на вложувањата во Комерцијална Банка.

Оперативните загуби направени од регулираните дејности во периодот 2006 – 2009 година се покриени со кредити од комерцијалните банки. Највисоката вредност на овие кредити беше околу 10,5 милиони евра, во моментот е околу 8,5 милиони евра.

За периодот 2006 – 2009 година и за причините на оперативните загуби од регулираните дејности се направени повеќе независни експертизи. Првата е направена по нарачка на Регулаторната Комисија за Енергетика (РКЕ) во 2008 година за периодот 2005 – 2007 година. Оваа експертиза РКЕ никогаш не ја објави јавно, иако за тоа беше обврзана со актите кои го регулираат работењето на РКЕ. Неофицијално оваа анализа само за две години покажала оперативни загуби од околу 4,2 милиони евра.

Двете други експертизи, нарачани од Топлификација АД се направени за периодот 2006 – 2009 година. Едната ја правеше **PriceWaterhouse Coopers (PWC)**. Оваа анализа е правена за информација на акционерите на Топлификација АД и на Владата на РМ за причините на штетите од регулираните дејности во тој период. Втората експертиза за истиот период е направена од **Moore Stephens**. Оваа експертиза е направена за судскиот процес против РКЕ во кој Топлификација АД побарува надомест на штета од околу 16 милиони евра за периодот 2006 - 2009 година. Двете овие анализи од **PWC** и од **Moore Stephens** покажуваат оперативни загуби од регулираните дејности во анализираниот период од околу 10 милиони евра и заедно со неостварената добивка од регулираните дејности вкупните штети се проценети на околу 18 милиони евра од **PWC** и на околу 16 милиони евра од **Moore Stephens**.

Како последица на пријавата од Топлификација АД за штетите кои РКЕ ги направила со носење на одлуки за цени во периодот 2006-2007 година Јавниот Обвинител на град Скопје во јули 2010 година поднесе кривична пријава и покрена истрага против петте члена на РКЕ кои биле во периодот 2006-2007 година.

Во моментот тече спорот помеѓу РКЕ и Топлификација АД за штетите направени со одлуките кои РКЕ ги носел во периодот 2006 – 2009 година, во висина од 16 милиони евра.

### 3. *Очекувани ефекти од основната активност на Топлификација АД во иднина*

Поради состојбите со регулираните дејности во периодот од 2006 до 2009 година Топлификација АД во 2008 година ги врати лиценците за снабдување со топлинска енергија. За оваа регулирана дејност не се потребни посебни основни средства и посебно искуство и оваа дејност можат да ја работат повеќе фирми во државата. На правиот јавен повик за доделување на овие лиценци не се јави ниедна фирма, а на вториот се јавија трите фирми на Топлификација АД бидејќи пак никој не се јави.

Во 2009 година Топлификација АД ја врати  лиценцата за дистрибуција на топлинска енергија. Исто така на јавниот повик за доделување на лиценца не се јави ниедна заинтересирана фирма иако неколку фирми можат да ја работат оваа дејност. Во такви услови Топлификација АД ја зеде оваа лиценца преку својата фирма Дистрибуција на топлина ДООЕЛ.

Во 2011 година Топлификација АД ја врати лиценцата и за производство на топлинска енергија. Поради проблемите со одлуките на РКЕ од 2006 до 2009 и поради фактот дека од редовното работење не можеа да се вратат загубите од тој период, кредитите кои беа земени за покривање на овие загуби станаа сериозна опасност за сигурно производство на топлинска енергија. Токму тоа беше основната причина за враќање на оваа лиценца. Во период од една година РКЕ не реагираше на враќањето на лиценцата и не сакаше да ја одземе и да оди на јавен повик за доделување на новата лиценца.

Иако со лошо искуство во однос на одлуките на РКЕ посебно ако истите се носат пред избори, Топлификација АД продолжи да ги работи сите три дејности само и единствено заради инвестицијата во ТЕ ТО АД.

ТЕ ТО АД е инвестиција чија успешност во најголем дел зависи од успешното функционирање на топлификациониот систем и од успешната наплата на услугите. И двете овие функции Топлификација АД успешно ги извршуваше и по цена на загуби од регулираните дејности реши да ги врши со цел кога ТЕ ТО АД ќе почне да функционира да има квалитетно функционирање на топлификациониот систем и висока наплата на услугите, што е од исклучително значење за Топлификација АД, како инвеститор во ТЕ ТО АД.

Ризиците од одлуките на РКЕ и денеска не се мали. Тие се далеку помали од периодот 2006-2007 година кога се направени најголемите штети од одлуките на РКЕ, но се уште постојат.

Втор сериозен ризик е нивото на наплата на услугите во услови на криза и во услови на високи цени на горивата. Состојбата на криза и на високи цени на горивата е многу веројатна за наредниот период, а тоа значи висок ризик да се задржи наплатата на услугите на ниво од 95% за период од една година од фактурирањето.

Трет сериозен ризик е фактот дека производството на топлинска енергија во топланите на Топлификација АД во иднина се повеќе ќе се намалува. Со ТЕ ТО АД производството на топлинска енергија во топланите на Топлификација АД ќе падне на околу 40% од вкупно потребната топлинска енергија. По изградбата на ТЕ ТО 2 во западниот дел на град Скопје, за што има сериозен интерес и од доминантниот сопственика на ТЕ ТО АД и од други инвеститори ќе нема потреба од производство во топланите на Топлификација АД, но тие сепак ќе се потребни како резервен капацитет за топлификациониот систем на град Скопје. Таквата позиција на топланите е предвидена и со законот за енергетика бидејќи објектите како ТЕ ТО АД произведуваат комерцијално електрична енергија и доколку за тоа немаат интерес тие нема да работат, а топлификациониот систем на градот во секој случај има потреба од топлинска енергија за да се задоволат потребите на корисниците на системот.

Во такви услови многу малку е веројатно дека Топлификација АД може да има услови за надоместување на штетите од периодот 2006 - 2009 година преку цената на услугата, односно преку извршувањето на регулираните дејности, а уште помалку да остварува профит од регулираните дејности.

Поради тоа Управниот Одбор на Топлификација АД во декември 2012 година реши да ги врати трите лиценци за вршење на регулираните дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија.

На јавниот повик Топлификација АД конкурираше само за дејноста дистрибуција на топлинска енергија, но Регулаторната Комисија за Енергетика одлучи сите три лиценци да ги додели на фирмата Балкан Енерџи Груп, фирма од групацијата на доминантниот сопственик на ТЕ ТО АД.

## 4. *Анализа на клучните позиции од Деловниот План на Топлификација АД за 2013, 2014 и 2015 година*

Од 2013 година фирмите од групацијата Топлификација АД кои извршуваат нерегулирани дејности и Скопје Север АД ќе ги продолжат своите активности како досега.

Топлификација АД исто така ќе продолжи да функционира како во изминатиот период, без непосредно вработени во фирмата. Сите функции на Топлификација АД како фирма и понатаму ќе се извршуваат преку услуги од фирмите од групацијата.

Тоа значи дека Топлификација АД како фирма ќе функционира со исклучително ниски трошоци за функционирање од околу 100.000 евра на годишно ниво преку користење на услуги од своите фирми.

Како што произлегува од Деловниот План кој е во прилог на оваа информација основни извори на приходи на Топлификација АД во периодот 2013-2015 ќе бидат:

- Ненаплатените побарувања за испорачаната топлинска енергија во периодот 2010-2012 година.
- Ненаплатени побарување за испорачаната топлинска енергија во периодот пред 2010 година.
- Приходите од договорите за закуп на основните средства за вршење на регулираната дејност производство на топлина.
- Приходите од заемите кои се дадени на ТЕ ТО АД во текот на инвестирањето, а кои се достасани за наплата.

Расходите на Топлификација АД во периодот 2013-2015 ќе бидат:

- Каматите на кредитите кои се земени за покривање на оперативните загуби од регулираните дејности во периодот 2006 – 2009 година
- Каматите на кредитите кои се инвестирани во ТЕ ТО АД, во најлошо сценарио за ТЕ ТО АД, ако тој со комерцијалното работење не може да ги враќа ниту каматите во првите години од работењето. Нормалното работење на ТЕ ТО АД значи враќање на кредитите и плаќање на каматите за кредитите кои се земени за негова реализација.
- Враќање на кредитите кои се земени за покривање на оперативните загуби од регулираните дејности во периодот 2006 – 2009 година.
- Враќање на кредитите земени за ТЕ ТО АД во сценарио за ТЕ ТО АД кога ТЕ ТО АД може да ги плаќа каматите за кредитите, а не може да ги враќа дел или вкупниот износ на кредитите.
- Трошоци за функционирање на Топлификација АД 100.000 евра годишно.

**Приходи**

<u>Наплата на побарувањата кои не се наплатени за периодот пред 2010 година</u>. Вкупниот износ на овие тужени побарувања е околу 12,5 милиони евра. Од овој извор на приходи во наредните пет години се очекуваат околу 5 милиони евра приход или околу 1 милион евра годишно. Во изминатите две години приходите од овој извор на годишно ниво беа значително поголеми од очекуваните за наредните 5 години.

<u>Наплата на побарувања кои не се наплатени за периодот 2010 – 2012 година.</u> Вкупниот износ на овие побарување е околу 12 милиони евра. Од овој извор во 2013 година се очекува околу 9,6 милиони евра, во 2014 околу 2 милиони евра и во 2015 околу 0,5 милиони евра.

<u>Договорот за закуп</u> предвидува плаќање на околу 1 милион евра по основ на закупнина и инвестирање на Закупопримачот во закупените основни средства секоја година износ во висина на пресметаната амортизација. Тоа значи дека закупените основни средства во текот на закупот нема да ја намалуваат својата сметководствена вредност.

По довтасувањето  за наплата на позајмиците кон ТЕ ТО АД кои се дадени за реализацијата на инвестицијата можни се две опции. Првата да се продолжи рокот за

враќање со фактурирање на комерцијална камата за истите кон ТЕ ТО АД или втората да се бара наплата на истите од ТЕ ТО АД. Топлификација АД ќе ја предложи првата варијанта со тоа што од ТЕ ТО АД ќе се бара да се плати каматата за позајмиците која Топлификација АД ја плаќа кон банките кога се задолжува за овие кредити. Согласно на сегашната состојба барањето на Топлификација АД би било 8,5% на годишно ниво. Приходот од каматите на позајмиците на ТЕ ТО АД, по довтасувањето на вкупниот износ, ќе биде околу 1,8 милиони евра.

Добивка од фирмите кои продолжуваат да работат во состав на групацијата Топлификација АД се очекува да биде 0,2 милиона евра на годишно ниво

**Расходи**

Камати на кредитите за сервисирање на оперативните загуби поради одлуките на РКЕ за периодот 2006 – 2009 година. Вкупен износ на кредити 8,5 милиони евра, вкупен годишен износ на камати 0,8 милиони евра.

Камати на кредитите за позајмиците во ТЕ ТО АД. Вкупен износ на кредити за таа намена 10,5 милиони евра, вкупен годишен износ на камата 0,9 милиони евра.

Трошоци за функционирање на Топлификација АД 0,1 милиони евра.

## 5. Активности на Топлификација АД во иднина

Топлификација АД повеќе години наназад се обидува делумно или потполно да излезе од регулираните дејности врзани за топлификациониот систем на град Скопје. Реализацијата на овие активности е врзана со сериозни ризици кои се наведени порано во информацијата, а кои во иднина можат да се зголемуваат. Доказ за овие очекувања се состојбите во овие системи во земјите во регионот. Без исклучок во сите соседни земји овие системи работат со сериозна помош од државата во финансиски средства иако цената на природниот гас е значително пониска од онаа во Македонија, а во повеќето од нив цената на услугата е повисока од онаа во Скопје.

Од 2013 година Топлификација АД сите свои активности ќе ги реализира преку фирмите од групацијата. Во Топлификација ќе нема вработени, а сите функции на фирмата ќе се реализираат преку добивање на услуги од своите фирми.

Постојните фирми во групацијата Топлификација АД и фирмите кои во иднина би се формирале за нови дејности ќе мораат секоја за себе да покажуваат позитивни финансиски резултати од работењето и да ги остваруваат плановите усвоени од Управниот одбор на Топлификација АД.

Топлификација Инженеринг ќе биде фирмата преку која ќе се развиваат и реализираат новите проекти за кои Управниот Одбор на Топлификација АД ќе смета дека се интересни за зголемување на профитот на групацијата. Развојот на новите проекти ќе се реализира главно во соработка со партнерски фирми кои имаат интерес за исти проекти и кои сметаат дека групацијата Топлификација АД е потребен партнер во таквите проекти. Останатите фирми кои се во групацијата Топлификација АД ќе ги работат истите работи како и досега.

Новите проекти кои во иднина ќе се развиваат главно ќе бидат поврзани со системите за снабдување со топлинска енергија, електрична енергија и природен гас. На дел од овие проекти се работеше и досега, а сега ќе се реализираат како надворешна услуга на фирми кои се носители на дадени лиценци. Дел од проектите на кои ќе се работи ќе се реализираат главно со фирми партнери, со професионално искуство во обласа во која се реализира проектот.

Финансирањето на проектите ќе се реализира преку сопствено учество на учесниците, кредити и IPO (Иницијална Јавна Понуда). Сегашните акционери на Топлификација АД би имале предност за учество во новите проекти во однос на IPO. Доколку за некој од проектите кои во иднина ќе ги развива Топлификација АД има интерес од сегашните акционери да учествуваат како инвеститори во конкретниот проект тие би имале предност во однос на останати заинтересирани инвеститори.

Сите идни проекти ќе се реализираат преку ново формирани фирми за конкретниот проект. Тоа аначи дека секој нов проект ќе биде нова фирма. Топлификација АД во таквите проекти ќе учествува со финасирање во рамките на можностите на групацијата. Останатите потребни средства за финасирање на проектите би се обезбедувале од фирмата партнер во реализацијата на проектите, од заинтересирани сегашни акционери на Топлификација АД или преку IPO.

Дистрибуцијата на природен гас и снабдувањето со приоден гас е најбитната област на делување на Топлификација АД во иднина. Топлификација АД и досега работеше за влез во проекти за дистрибуција на природен гас. За првиот поголем дистрибутивен систем за природен гас реализиран во Струмица, Топлификација Инженеринг го работеше главниот проект, а сега е надзор на реализацијата на приклучоците до поедините корисници. Со почетокот на работа на системот во грејната сезона 2012/2013 Топлификација Инженеринг ќе почне да дава услуги на овој систем во доменот на управувањето и контролата на потрошувачката на гас, развојот на користење на гас во колективни станбени згради и во делот на фактурирањето и наплатата на испорачаниот гас.

Топлификација АД во моментот работи на обезбедување стратешки партнер за реализација на дистрибутивен систем за природен гас во град Скопје и во другите градови на Република Македонија. Со искуството кое досега го има во дистрибуцијата на топлинската енергија и со алатките за управување, контрола и наплата на испорачаната енергија на ниво на објект и на ниво на краен корисник кои се сопственост на фирмата, Топлификација АД е посакуван партнер за повеќе заинтересирани фирми од ЕУ.

Втор многу битен проект на кој Топлификација АД ќе работи во блиска иднина е снабдувањето со електрична енергија на новите квалификувани потрошувачи на електрична енергија. Согласно Законот за енергетика и Пазарните правила за електрична енергија од почетокот на наредната година на пазарот на електрична енергија се појавуваат нови 140 квалификувани потрошувачи кои ќе се снабдуваат со електрична енергија на слободен пазар. Основна карактеристика на снабдувањето на овие потрошувачи со електрична енергија ќе биде нивното групирање во "Балансни Групи" (БГ) со кои ќе управува "Балансно Одговорна Страна" (БОС). Овој начин на снабдување со електрична енергија подразбира сите потрошувачи во БГ да бидат контролирани од БОС со цел БГ да има што помали трошоци за балансирање, а со тоа и помали трошоци за електрична енергија. Со оглед на фактот дека Топлификација АД разви сличен систем за управување и контрола на над 1300 топлински подстаници во приклучените објекти на топлификациониот систем и истиот веќе повеќе години функционира во топлификациониот систем на град Скопје, Топлификација АД е посакуван партнер на сериозните трговци со електрична енергија во покривањето на снабдувањето со електрична енергија на новите квалификувани потрошувачи преку БГ и БОС.
За овој проект веќе се направени најголемиот дел од прелиминарните подготовки. Почнати се прелиминарни разговори со потенцијалните членови на БГ и со почетните анализи на нивната потрошувачка. Исто така направени се и почетните разговори со неколку заинтересирани трговци на електрична енергија за овој проект.

Со овие два проекта Топлификација АД ја започнува промената на своето делување од Производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија во дистрибуција и снабдување со природен гас и во снабдување со електрична енергија преку БГ.

За таквата промена Топлификација АД има капацитет со оглед на знаењето и системските поддршки кои ги реализирала во периодот на работење во доменот на топлинската енергија.

Доколку за работа во двете нови области Топлификација АД обезбеди солидни партнери со доволно искуство во областите кои се предмет на новите проекти многу брзо новите проекти ќе почнат да ги испорачуваат посакуваните ефекти.

Топлификација АД